## IN MEMORIAM

# ПРОФЕСОР Д-Р ХРИСТО АНДОНОВ — ПОЛЈАНСКИ
(1927—1985)

Во првите часови на 7. 10. 1985 година ненадејната смрт на професор д-р Христо Андонов — Полјански прерано го отргна од нашите редови и длабоко ги потресе и разжалости студентите, соработниците, колегите и вработените на Филозофскиот факултет и на Универзитот „Кирил и Митодиј“ во Скопје, на чие чело, како ректор беше само една година.

Професор д-р Христо Андонов — Полјански е роден на 21. 09. 1927 година во Дојран. Основно училиште, гимназија и филозофски факултет — Група за историја завршил во Скопје. Неговиот професионален и животен пат е неодвоив од растежот на Филозофскиот факултет. Тој беше меѓу првите дипломирани студенти на Филозофскиот факултет и целиот работен век го помина токму тука. Факултетот го претвори во работен дом и брзо стана пример за самопрегорен и истраен научник и педагог кој со својот голем ентузијазам и трудољубивост и нагласена смисла за организација ги инспирираше студентите, наставно-научните млади работници и другите свои колеги да истрајат во макотрпната научно-истражувачка и наставно-воспитна дејност.

Професор д-р Христо Андонов — Полјански покажа дека нема расчистени патеки до највисоките дострели и врвови на науката и дека само најтрудољубивите и најупорните се искачуваат на нив. Таквиот негов научен и педагошки самопрегор и трудољубивост во проучувањето и ширењето на марксистичката теорија и методологија на историската наука низа генерации на студенти ги поттикнуваше да ја запознаваат, но и да ја сакаат историјата на македонскиот народ. На тој начин неговите резултати и неговите највисоки научни и општествени признанија меѓу кои од посебно значење се наградите: „Гоце Делчев“, „11 Октомври“ и „АВНОЈ“, истовремено претставуваат резултати и признанија

на Филозофскиот факултет и обратно: постигнатите резултати и општествени признанија на најстариот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј“ тој ги чувствуваше како свои.

Неговиот богат и грандиозен научен опус, 460 библиографски едиции, меѓу кои околу четириесет книги и брошури, обично го создава една цела институција. Тој го создаде сам. Ова него го стави во челниот ред на македонската и југословенската наука.

Придонесот на проф. д-р Христо Андонов — Полјански е мошне голем и во развојот на самоуправувањето на Факултетот и на Универзитетот. Постојано инсистираше на учество на студентите и сите вработени во самоуправното одлучување на Факултетот. Беше голем застапник и борец за развој на студентското самоуправување, покажувајќи во практиката дека студентите се активен субјект во наставно-научниот и самоуправниот процес на Факултетот.

Проф. д-р Христо Андонов — Полјански се одликуваше со непосредно другарско и хумано однесување. Тој со секого настојуваше да се ракува, да се интересира за неговите проблеми и настојчиво се ангажираше во нивното решавање. Тој не признаваше хиерархиска поделеност меѓу луѓето и кон секого се однесуваше пријателски, другарски, комунистички. Во неговото однесување првенствено тргнуваше од научно-педагошките и класно-работничките интереси што ги согледуваше во нивната дијалектичка поврзаност.

Проф. д-р Петре Георгиевски
— Декан на филозофскиот
факултет во Скопје —